**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1203-318/7**

**Скопје, 04.04.2006 година**

**ДО**
**МЕДИЦИНСКИ ЦЕНТАР ТЕТОВО**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на ЈЗО Медицински центар Тетово, за 2004 година кои се прикажани на страните од 20 до 23.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно со член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за ревизија на побарувањата и обврските со состојба на 30.06.2005 година на ЈЗО Медицински центар Тетово. Не е вршена ревизија, ниту сме издале извештај за финансиските извештаи на ЈЗО Медицински центар Тетово за годината која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

   - ВД Директор, Шинаси Гафури од 17.03.2003 година до 08.10.2004 година
   - ВД Директор, Мр.спец.Д-р Љутви Зулбеари, од 08.10.2004 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 19 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена во периодот од 21.12.2005 до 06.02.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

   - Владимир Милојевиќ-помошник на ГДР и овластен државен ревизор,
   - Добринка Весковска, Виш ревизор,
   - Христина Гочева - Начовска, ревизор,
   - Милан Ракиќ, ревизор

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната установа на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизорите оценија:

   ➢ *Висок ризик од нереално прикажување на финансиските извештаи на ЈЗО Медицински центар Тетово, за 2004 година ,* поради:
   - нерегулирани имотно правни односи и правен статус на земјиштето и градежните објекти и неутврдена вредност за евидентирање на истите,
   - неутврдена планска рамка на целокупното финансирање на ЈЗО Медицински центар Тетово и рамка за регулирање на финансирањето од Министерство за здравство, за непредвидени здравствени услуги,
   - не е склучен договор со Фондот за здравствено осигурување за остварување на здравствената заштита, начинот на пресметување и плаќање на здравствените услуги,
   - вршени набавки над реалните потреби и лимитите утврдени од Фондот со што се зголемени обврските без да има зголемување на здравствените услуги,
   - невоспоставени интерни постапки за управување со набавките и неизвршени контроли од Фондот за следење на набавките, како и на извршувањето на договорите по количини, вредност и времетраење,
   - ненавремено усогласување на обврските по набавки од Фондот и евидентирање на истите,
   - непревземени мерки за наплата по редовен или судски пат на побарувања од правни и физички лица, превземање на обврски без претходно обезбедени средства и неправилно спроведени постапки за јавни набавки, што придонесува работење со загуба во 2004 година.

***<u>Генерална препорака,</u>*** Да се превземат мерки за регулирање на имотно правните односи и обезбеди документ за сопственост на земјиштето и градежните објекти за амбулантите по селата и аптеките во Тетово, реално и објективно искажување на

позициите во Билансот на состојба, примена на сметководственото начело на парично искажување на приходите и расходите, согласно законската регулатива, воспоставување на финансирање врз основа на плански утврдена рамка, склучување на договори со Фондот за здравствено осигурување, контрола на трошењето на средствата, споредбено со потребите и изнаоѓање на соодветни решенија за ликвидирање на заостанатите обврски и наплата на побарувањата, трошење на средствата, согласно обезбедените финансиски средства и набавки согласно Законот за јавни набавки. Реализацијата на дадените препораки и мерки треба да ја превземат законските наследници на ЈЗО Медицински центар Тетово, определени со Решенија број 13-10611/1 5 за Општа болница и 13-10610/1 за Здравствен дом од 13.10.2005 година донесено од Министерот за здравство (член 200-ч од Законот за здравствена заштита), во согласност со Акциониот план за Фондот за здравствено осигурување.

### *10.1. Неправилна примена на акти:*

10.1.1. Ревизијата при увидот на документацијата за сопственост – поседовни листи утврди дека за дел од објектите и земјиштето каде Медицинскиот центар Тетово ја извршува дејноста, согласно Законот за здравствено осигурување не се регулирани имотно правните односи, односно не е разграничена сопственоста на објектите и земјиштето на амбулантите по селата и аптеките во Тетово, а на парцелите по поседовен лист од 21.05.2001 е извршена измена, односно намалување од 430 м2 по поседовен лист од 2005 година. Истото има влијание на реално искажување на недвижните ствари во книгата за недвижните ствари што ги користат државните органи, што е спротивно на Законот за сопственост и други стварни права и Законот за правата и обврските и одговорностите на органите од државната власт во поглед на средствата во државна сопственост што тие ги користат и располагаат, што има влијание на реалноста на искажаната позиција.

10.1.2. Медицинскиот центар Тетово нема доставено до Фондот за здравствено осигурување предлог план со финансиски и други податоци, а од Фондот не добива известување за планот и програмата за здравствени услуги кои ќе се финансираат од средствата на задолжителното здравствено осигурување, поради што не е извршено планирање на средствата потребни за обезбедување на одреден обем на здравствени услуги, што е спротивно на член 68 од Законот за здравствено осигурување. Истото има влијание на вршење на добро финансиско управување врз јасно утврдени буџетски цели. Ваквиот начин на работење создава обврски кои ги надминуваат лимитите на побарувањата и обврските.

10.1.3. Медицинскиот центар Тетово наплатата на побарувањата од Фондот за здравствено осигурување ја врши во паушален износ, кој не е еднаков со износот на фактурираните здравствени услуги, поради не склучен Договор со Фондот за извршување на здравствените услуги, што е спротивно на член 70 од Законот за здравствено осигурување. Истото има влијание на утврдување на начинот на плаќање на здравствените услуги извршени од страна на Медицински центар Тетово и на зголемување на ненаплатени побарувања од Фондот за здравствено осигурување.

10.1.4. Медицинскиот центар Тетово склучил Договор број 02-6755/1 од 15.09.2004 година со Фондот само за снабдување со лекови и за извршување на здравствените услуги за потребите на аптеките, без претходно утврдени критериуми за склучување на договори и начинот на плаќање на здравствените услуги од страна на Фондот и без добиена согласност од

Министерот за здравство, што е спротивно на член 69 од Законот за здравствено осигурување. Истото влијае на правилното толкување и примена на договорот, како и на определување на износот на средствата за набавка и начинот на наплата на побарувањата.

10.1.5. Од страна на Медицински центар Тетово, во текот на 2004 година неправилно е воспоставена пракса во врска со снабдувањето на лековите од други понудувачи на регистрирани лекови, поради несоодветно толкување на членовите 13 и 14 од Договорот број 02-6755/1 од 15.09.2004 година во врска со фактурирањето од страна на Медицински центар Тетово до Фондот, за издадените лекови без бандероли и Известувањето на Фондот број 10-5074/1 од 30.06.2004 година. Медицински центар Тетово врз основа на тоа склучува договори со други понудувачи на регистрирани лекови, кои не биле избрани како најповолни во тендерот за лекови спроведен од Фондот, што е спротивно на Законот за јавни набавки. Истото има влијание на исплата на обврските спрема добавувачите кои не биле избрани како најповолни во тендерот за лекови спроведен од Фондот и наплата на побарувањата од Фондот по фактурите за издадените лекови од истите.

10.1.6. Во Извештајот од извршениот попис за 2004 година од страна на пописната комисија не е утврдена состојбата на сите позиции од Билансот на состојба, поради несоодветна примена на законската регулатива, што е спротивно на член 33, 34 и член 6 став 3 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и има влијание на усогласување на крајот на годината на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот и првото отворање на сметките на средствата, обврските и изворите на средствата при преносот од претходната година.

10.1.7. При увид на фактурите и сметкопотврдите за извршени угостителски услуги, други расходи за репрезентација и други оперативни расходи, ревизијата утврди одредени неправилности и тоа:

- не е изготвен акт за регулирање на правото и начинот на користење на средствата за репрезентација, поради што се создава можност за неконтролирано трошење на средствата за репрезентација, спротивно на член 23 од Статутот, што има влијание на начинот и контрола на трошење на средствата за репрезентација
- извршени се исплати на средства, обезбедени од фирми како спонзорства во вкупен износ од 110 илјади денари на Здружение на лекари од Тетово, за ангажирање на лице за музика (по повод прослава на годишнина на хируршко одделение) и за набавка на мобилен телефон, без претходно донесени одлуки за конкретната намена и корисници на средствата, спротивно на член 35 од Статутот.

10.1.8. Не е изготвен акт за начинот на вреднување на залихите, како и акт за утврдување на процентот на маржата при продажба на лекови од негативна листа и за извршени услуги на лица кои не се здравствено осигурани, поради непочитување на законската регулатива, спротивно на член 23 од Статутот и одредбите на Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници. Истото има влијание на реално искажување на финансиските извештаи.

**Препораки:**

1. Да се превземат мерки за разграничување на сопственоста и регулирање на имотно правните односи и обезбедување на документ за сопственост

(имотен лист) на земјиштето и градежните објекти, согласно донесениот нов Закон за користење и располагање со стварите на државните органи (“Службен весник на Република Македонија” бр.8 од 07 февруари 2005 год.) со кој се регулираат овие неправилности и да се достави барање до надлежните институции за историјат на извршените промени на поседовните листови.

2. Да се врши добро финансиско управување врз јасно утврдени буџетски цели, да се обезбедува од Фондот планот на средствата за здравствените услуги кои ќе се финансираат од средствата на задолжителното здравствено осигурување и врз основа на тоа да се донесе финансиски план.

3. Да се склучи договор со Фондот за здравствено осигурување, согласно член 70 од Законот за здравствено осигурување, по претходно утврдени критериуми од страна на Фондот и добиена согласност од Министерот за здравство, согласно член 69 од Законот за здравствено осигурување

4. За снабдувањето на лековите од други понудувачи на регистрирани лекови, да се врши набавка во согласност со Законот за јавни набавки, а фактурирањето до Фондот да биде согласно членовите 13 и 14 од Договорот од 15.09.2004 година.

5. Во Извештајот од извршениот попис, од страна на пописната комисија да се утврдува состојбата на сите позиции од Билансот на состојба, согласно одредбите од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, кои се однесуваат на попис на средствата, обврските и побарувањата.

6. Да се изготви акт за регулирање на начинот на користење на средствата за репрезентација и одлуки за конкретната намена и корисници на средствата од спонзорства, согласно одредбите од Статутот.

7. Да се изготви акт за начинот на вреднување на залихите, утврдување на процентот на маржата за извршени услуги на лица кои не се здравствено осигурани, а за утврдување на процентот на маржата за лековите од негативна листа, ревизијата не дава препорака, поради тоа што е извршена приватизација на работењето со аптеките.

### *10.2. Неправилна примена на сметководствените политики и начела:*

10.2.1. Медицинскиот центар Тетово евидентира обврски по групните набавки за лекови и медицински материјал од страна на Фондот за потребите на Медицински центар Тетово, за кои Фондот склучува договори, а фактурите гласат на Медицински центар Тетово, што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Истото има влијание на несоодветно разграничување на обврските.

10.2.2. При плаќањето на обврските по фактури од добавувачите, од страна на Фондот се раздолжуваат обврските на Медицински центар Тетово и истовремено се намалуваат побарувањата за извршени здравствени услуги од Фондот, без да биде запазено сметководственото начело на парично искажување на приходите и расходите, што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Истото има влијание на реалното и објективното прикажување на билансните позиции.

10.2.3. Медицинскиот центар Тетово расходите за трошење на краткорочни средства и тоа: храна, медицински материјали и лекови не ги евидентира во моментот и во висина на настанување на вистинското трошење, односно евидентирањето и признавањето на трошоците го врши во моментот на набавка, што е спротивно на член 17 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Истото има влијание на реалното и објективното прикажување на билансните позиции.

10.2.4. Не постои усогласеност на евиденцијата во материјалното со финасиското книговодство во износ од 2.479 илјади денари, поради неевидентирање во материјална евиденција на извршените набавки кои се наоѓаат во магацин, односно не се дадени во употеба, а евидентирани на ставката подготовка на основновни средства во финансиско книговодство, што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Истото има влијание на реалното и објективното прикажување на капиталниот имот кој се наоѓаа во магацин, односно не се дадени за користење по видови и количина во книга (попис) на капиталниот имот како задолжителна помошна книга.

10.2.5. На позицијата Стоки, во делот на ставката Стоки во продавница, евидентирани се лекови во аптеки по набавни, наместо по продажни цени, поради погрешно воспоставена сметководствена евиденција, спротивно на Правилникот за содржината на одделните сметки во сметководствениот план за буџетските корисници и истото има влијание на реалното искажување на билансните позиции.

10.2.6. При увид на фактурите и сметкопотврдите за извршени угостителски услуги ревизијата утврди дека не се приложени фискални сметки, а во дел од истите не може да се утврдат лицата и поводот за извршените услуги, поради несоодветно воспоставена пракса на обезбедување документација, спротивно на Законот и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, кои имаат влијание на неможноста за контрола на трошење на средствата за репрезентација.

**Препораки:**

1. Да се врши евидентирање на обврските по групни набавки од страна на Фондот, а за потребите на Медицински центар Тетово, врз основа на фактури кои гласат на Фондот, заради соодветно разграничување на обврските, согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

2. При евидентирање на исплатата на обврските и наплатата на побарувањата да се применува сметководственото начело на парично искажување на приходите и расходите, согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

3. Расходите за трошење на краткорочни средства и тоа: храна, медицински материјали и лекови да се евидентираат во моментот и во висина на настанување на вистинското трошење, согласно член 17 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

4. Да се изврши усогласување на евиденцијата во материјално книговодство, во книга (попис) на капиталниот имот со финасиското

книговодство, согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

5. Ревизијата не дава препорака за наодот во врска со евиденцијата на лековите во аптеките, поради тоа што е извршена приватизација на работењето со аптеките.

6. Сметководствената документација да биде во согласност со законската регулатива.

### *10.3. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба*

**Ревизијата утврди нереално и необјективно искажување на Постојаните средства во Билансот на состојбата и тоа:**

10.3.1. Позицијата Материјални добра и природни богатства во делот на Станови и деловни објекти е нереално и необјективно прикажана во износ од 15.847 илјади денари како сегашна вредност на општествени станови (17.364 илјади денари набавна вредност и 1.517 исправка на вредноста), поради необезбеден документ за статусот на општествените станови на Центарот, односно неизвршено примопредавање на документацијата за сопственоста и нивно евидентирање како сопственост на Центарот, иако со донесување на Законот за стопанисување со станбениот и деловниот простор на Република Македонија (Сл.весник бр./94) правото на користење, управување и располагање со станбениот и деловниот простор е на Републиката, а за стопанисување со истиот е основано Јавното претпријатие за стопанисување со јавен и деловен простор.

**Препорака:**

За статусот на општествените станови на Центарот, ревизијата не дава препорака, поради тоа што во периодот додека е вршена ревизијата преземени се мерки, односно испратено е барање за известување за статусот на евидентираните општествени станови, до Јавното претпријатие за стопанисување со јавен и деловен простор.

**Ревизијата утврди нереално и необјективно искажување на состојбите на побарувањата во Билансот на состојба и тоа:**

10.3.2. Утврдена е неусогласеност на побарувања од Фондот помеѓу Медицински центар Тетово и Фондот за здравствено осигурување, во вкупен износ од 3.653 илјади денари во делот на наплатената партиципација од 2003 година и во евидентирањето на хуманитарна помош која се однесува на лековите и потрошниот материјал, кои според Фондот се набавки по тендер, што е спротивно на Законот за здравствено осигурување. Истото има влијание на реалното искажување на побарувањата.

**Препорака:**

Да се изврши усогласување со Фондот за здравствено осигурување во делот на наплатената партиципација и евидентирање на хуманитарна помош.

10.3.3. Евидентирани се побарувања од правни и физички лица за здравствени и други услуги, во износ од 2.897 илјади денари, со старосна структура од над три години, за кои поради високите судски трошоци, не се преземени мерки од страна на Медицински центар Тетово, што е спротивно на Законот за облигациони односи и има влијание на зголемување на процентот на ненаплативост на побарувањата и на целокупната финансиска состојба на Медицински центар Тетово.

**Препорака:**

Да се превземат мерки за наплата на Побарувањата од купувачите.

10.3.4. Утврдени се неправилности на побарувањата за дадени аванси на добавувачите во вкупен износ од 853 илјади денари, што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Законот за облигациони односи и тоа за набавки кои се направени од страна на:

- Медицински центар Тетово за периодот од 1999 – 2004 година, поради непревземени мерки за наплата по редовен или судски пат и влијае на зголемување на процентот на ненаплативост на побарувањата и

- Фондот за здравствено осигурување за потребите на Медицински центар Тетово, поради не обезбедено известување од Фондот за преземени мерки за наплата од добавувачите и влијае на реалното искажување на побарувањата.

**Препорака:**

Да се преземат мерки за наплата на побарувањата за дадените аванси од добавувачите по редовен или судски пат, а побарувањата за кои е поминат рокот на наплата да се даде предлог за отпис и обезбеди известување од Фондот за преземени мерки за наплата од добавувачите, за набавки кои се спроведени од страна на Фондот.

10.3.5. Со ревизијата на побарувања од пресметаните приходи што не можеле да бидат фактурирани, утврдени се неправилности кои се однесуваат на побарувања од :

- Фонд за здравствено осигурување за непризнати побарувања за извршени здравствени услуги над примените аванси во износ од 20.372 илјади денари и Министерство за здравство за реализација на програми, услуги на неосигурани лица, бегалци и цивилни лица повредени во војната 2001 година во износ од 143.641 илјада денари за кои е изминат рокот за наплата, поради непреземени мерки од страна на Медицински центар Тетово, што е спротивно на Законот за облигациони односи. Истото има влијание на зголемување на процентот на ненаплативост на побарувањата што влијае на целокупната финансиска состојба на Медицински центар Тетово.

- Министерство за здравство за извршени здравствени услуги на цивилни лица повредени во војната 2001 година во износ од 683 илјади денари, поради недобиено писмено известување за регулирање на меѓусебните односи на финансирањето и фактурирање на истите. Истото има влијание на наплативоста на побарувањето.

**Препорака:**

За побарувањата за кои не се превземени мерки за наплата по редовен или судски пат, а е поминат рокот на наплата, да се даде предлог за отпис, а за вршење непредвидени здравствени услуги, да се обезбедува писмен документ за регулирање на начинот за вршење и наплата на истите.

10.3.6. Со примена на постапките за независно усогласување (конфирмации), не бевме во можност да се увериме дека состојбата на побарувањата е реално и објективно прикажана. Добиените одговори (25%) од комунтентите не ни дадоа доволен доказ кој ќе ни помогне во уверувањето за реалноста на искажаните состојби во сметководствените евиденции на Медицински центар Тетово. Од вкупно добиените одговори нема неусогласени конфирмации.

**Препорака:**

Да се врши усогласување со комунтентите.

**Ревизијата утврди нереално и необјективно искажување на состојбите на обврските во Билансот на состојба и тоа:**

10.3.7. Во текот на 2004 година превземани се обврски кон добавувачи над лимитот утврден од Фондот, а во доставениот предлог план со финансиски и други податоци до Фондот за здравствено осигурување за 2005 година не се опфатени обврските кон добавувачи од минати години и не се предвидени средства за исплата на заостанати обврски кон добавувачи кои на 31.12.2004 година изнесуваат 167.858 илјади денари, поради неутврдените максимални износи на трошоците со годишен буџетски документ и превземање обврски кон добавувачи без обезбедени финансиски средства во минати години, спротивно на членовите 16, 23 и 26 од Законот за буџетите. Истото влијае на зголемување на неисплатените обврски од тој период и на реално и објективно предвидување на расходите во планот за 2005 година.

**Препорака:**

Да не се превземаат обврски над лимитите дадени од страна на ФЗОМ, а со планот на трошоци и приходи да се предвидат реалните расходи за тековната година, односно да се предвидуваат средства за исплата на заостанати обврски кон добавувачи од минати години, согласно одредбите од Законот за буџети.

10.3.8. Со примена на постапките за независно усогласување (конфирмации),не бевме во можност да се увериме дека состојбата на обврските е реално и објективно прикажана. Добиените одговори (28%) од комунтентите не ни дадоа доволен доказ кој ќе ни помогне во уверувањето за реалноста на искажаните состојби во сметководствените евиденции на Медицински центар Тетово. Од вкупно добиените одговори, 60 % не се усогласени, односно постои неусогласеност за износ од 6.136 илјади денари.

**Препорака:**

Да се врши усогласување со комунтентите.

10.3.9. Не постои усогласеност на Побарувањата за износ од 91.957 илјади денари со Пасивните временски разграничувања и на Активните временски разграничувања со Обврските за износ од 117.276 илјади денари, а произлегува од пренесената состојба од претходни години и промените во текот на 2004 година, поради примената на пресметковен начин на евидентирање и користење на упатства од Здружението на здравствените организации во Р.Македонија, спротивно на Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници и член 36 од Правилникот. Истото влијае на реалното искажување на билансните позиции.

**Препорака:**

Да се изврши усогласување на побарувањата и обврските со Временските разграничувања и да се применува буџетски начин на евидентирање на побарувањата и обврските.

**Ревизијата утврди нереално и необјективно искажување на состојбите на позицијата Залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и Стоки во Билансот на состојбата и тоа:**

10.3.10. Во текот на 2004 година извршени се набавки на лекови и медицински материјали (од Фондот и од Медицински центар Тетово) споредбено 2003-2004 година во износ од 40.256 илјади денари (24%) над реалните потреби и над лимитот утврден од Фондот, поради невоспоставени интерни постапки за управување со набавките и неизвршени контроли од Фондот за следење на набавките, како и на извршувањето на договорите по количини, вредност и времетраење, што е спротивно на Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетките корисници и Законот за здравствено осигурување. Истото има влијание на зголемување на залихите и на неисплатените обврски од тој период.

**Препорака:**

Да се утврди износот на средствата што може да се користи за набавка на лекови и медицински материјали согласно реалните потреби и да се воспостават интерни постапки за управување со набавките, а од страна на Фондот да се воспостави контрола за следење на извршувањето на договорите склучени од негова страна.

10.3.11. На позицијата Резервни делови во текот на годината неосновано се врши евидентирање на гориво и ситен инвентар, со што на 31.12.2004 година залихите на резервни делови се преценети за износ од 410 илјади денари, а потценети се залихите на материјали во износ од 330 илјади денари и ситен инвентар во износ од 80 илјади денари, поради погрешно спроведена сметководствена евиденција, спротивно на Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници и истото има влијание на реалното искажување на билансните позиции.

**Препорака:**

Сметководствената евиденција да се спроведува во согласност со Правилникот за содржината на одделните сметки во сметководствениот план за буџетските корисници, а евиденцијата на соодветно конто да се врши во моментот на набавката, врз основа на видот на истата.

**10.4. Ненаменско и незаконско користење на средства:**

10.4.1. За реконструкција на кров над хируршкиот блок преземени се обврски во износ 6.577 илјади денари, а обезбедени се финансиски средства само во износ од 2.000 илјади денари од Фондот за здравствено осигурување (Програма за инвестициони вложувања), поради нереално утврден начин на финансирање на истото, односно износот од 4.676 илјади денари предвидено е да се обезбеди од сопствени извори во период 2004 и 2003 година кога Медицински центар Тетово работи со загуба, што е спротивно на Законот за буџети и Законот за јавни набавки. Истото има влијание на зголемување на обврските и плаќањето на обврските.

10.4.2. За изградба на дијагностички ургентен центар и надградба на диспанзер за бели дробови преземени се обврски во износ 3.286 илјади денари за кои нема обезбедено финансиски средства, поради нереално утврден начин на финансирање на истото, односно во Одлуката за изградба од 2003 година предвидено е да се обезбедат финансиски средства за таа намена од донации, а истите не се добиени, што е спротивно на Законот за буџети и Законот за јавни набавки. Истото има влијание на зголемување на обврските и плаќањето на обврските.

10.4.3. За изработка и ревизија на техничка документација-главен проект за изградба на дијагностички ургентен центар и надградба на диспанзер за бели дробови и за вршење на стручен надзор при изведбата во 2003 година преземени се обврски во износ од 1.688 илјади денари, за кои нема обезбедено финансиски средства од Фондот или од сопствени извори, поради нереално утврден начин на финансирање на истото во период кога Медицински центар Тетово работел со загуба, што е спротивно на Законот за буџети и Законот за јавни набавки. Исто така не е извршено предавање на главниот проект од страна на добавувачот ДГТУ Модинг-Салим ДООЕЛ од Тетово, што е спротивно на Законот за изградба на инвестициони објекти. Истото има влијание на зголемување на обврските и за наплата на истите, од страна на добавувачот по судски пат.

10.4.4. Во текот на 2004 година извршени се набавки на мебел за опремување на лекарските соби во износ од 489 илјади, иако Медицински центар Тетово нема обезбедено финансиски средства од сопствени извори, поради недомаќинско работење во период кога Центарот работел со загуба, што е спротивно на член 11 од Законот за облигациони односи. Истото има влијание на зголемување на обврските и наменско користење на средствата.

**Препораки:**

1. Да се врши наменско трошење на средствата согласно обезбедените финансиски средства од Фондот за здравствено осигурување со Програмата за инвестициони вложувања или од сопствени извори.

2. Да се преиспита потребата од преземените обврски за извршените изградби и да се изнајде начин за обезбедување на средства за исплата на обврските по истите.

3. Да се изврши реална проценка за потребата на главниот проект во моментот кога не е извршена изградба на дијагностички ургентен центар

согласно Законот за изградба на инвестициони објекти и на реалноста на поднесеното барање за наплата по судски пат.

4. Да се вршат набавки на капитални средства, согласно Законот за јавни набавки.

10.4.5. Евидентираните обврски за осигурување спрема АД за осигурување Вардар од Скопје се нереално и необјективно прикажани, поради неосновано преземени обврски со Вонсудска спогодба од 07.07.1999 година помеѓу Фондот за здравствено осигурување и АД за осигурување Вардар од Скопје, каде Фондот ја презема обврската во износ од 6.367 илјади денари под услов наредните 5 години Медицински центар Тетово да биде осигуран во АД за осигурување Вардар од Скопје. По известување и согласност од Фондот извршено е осигурување на Медицински центар Тетово кај друга осигурителна компанија, односно не е постапено по член 5 од Спогодбата од 1999 година, поради што АД за осигурување Вардар од Скопје извршил утужување со кое го терети Медицински центар Тетово. Истото има влијание на зголемување на обврските и на целокупната финансиска состојба на Медицински центар Тетово.

**Препорака:**

Одговорните лица од законските наследници на Медицински центар Тетово и Фондот за здравствено осигурување, да преземат мерки и изнајдат решение за надминување на состојбата.

10.4.6. Во текот на 2004 година евидентирани се расходи за користење на службен мобилен телефон од страна на директорот, во вкупен износ од 203 илјади денари, за кој не е утврден лимит во изготвениот акт за признавање на месечни трошоци за мобилна телефонија, поради нецелосен опфат на корисниците во истиот, што е спротивно на член 11 од Законот за облигациони односи и има влијание на неконтролирано и недомаќинско трошење на средствата.

**Препорака:**

Да се донесе акт за утврдување на лимитот на месечното право за сите корисници на службени мобилни телефони во рамките на обезбедени средства.

10.4.7. Во текот на 2004 година ненаменски се направени трошоци во вкупен износ од 662 илјади денари, поради издадени прехрамбени артикли за исхрана на дежурниот персонал, што е спротивно на одредбите од Колективниот договор за здравствена дејност на РМ, на кои освен надоместоци за дежурства не им следува други видови надоместоци, односно исхрана. Истото има влијание на наменското користење на средствата.

10.4.8. Не се почитувани нормите за болничка исхрана во 2003/2004 година, поради несоодветен начин на изготвување на истото од магационерот и шефот на кујната, со надополнување од директорот по сопствена проценка, со цел отстранување на недостатоци, по извршената контрола во 2001 година и барање на Републичкиот завод за унапредување на домаќинство од Скопје, за подобрување на калоричната вредност и количина на исхрана во Медицински центар Тетово. Истото има влијание врз квалитетот и

квантитетот на болничката исхрана, како и врз реалноста на трошоците за болничка исхрана.

**Препораки:**

1. Да не се врши ненаменско издавање на прехрамбени артикли за исхрана на дежурниот персонал.

2. Да се формира стручна комисија за изготвување на менито и редовна контрола на почитување на нормите предвидени за болничка исхрана како од страна на комисијата, така и од Републички завод за унапредување на домаќинство од Скопје.

10.4.9. Во текот на 2004 година неосновано се исплатени и евидентирани расходи во вкупен износ од 364 илјади денари за:

- ангажирање на доктори-професори по договор за едукација на младите специјалисти во Медицински центар Тетово, поради не донесена Одлука и претходно предвидени средства за таква намена, спротивно на член 23 од Статутот и Законот за буџет и

- ангажирање на физичко лице - специјалист по хигиена (вработен во Заводот за здравствена заштита) за вршење на дезинфекција на водосистемот и дијализаторите во одделението за хемодијализа, поради непредвиден ваков вид на услуга од Заводот, во договорот за дезинфекција и дезинсекција, склучен на годишно ниво.

**Препорака:**

Да се врши претходна проценка за потребата од ангажирање на физички лица за едукација и за вршење на дезинфекција на водосистемот и дијализаторите, согласно обезбедените средства и да се донесат одлуки за истото од страна на Управниот одбор, согласно одредбите од Статутот и да се склучуваат договори согласно законската регулатива.

10.4.10. Евидентирани се побарувања без склучен договор за регулирање на правата и обврските, поради несоодветна примена на законската регулатива, што е спротивно Законот за облигациони односи. Истото влијае на наплата на побарувањата од:

- Основен суд Тетово во вкупен износ од 3.169 илјади денари за извршени услуги од страна на Медицински центар Тетово (обдукција, вештачење по судски предмети, изготвување медицински извештаи за повреди и сл.)

- Завод за здравствена заштита ХЕС – Тетово во износ од 271 илјади денари за платени комуналии од страна на Медицински центар Тетово за користење заеднички простор (од кои 50% треба да се надоместат од ХЕС – Тетово).

**Препорака:**

Да се склучуваат договори за извршените услуги согласно законската регулатива.

## 10.5. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки

10.5.1. Не е склучен договор за извршување на групна набавка со Фондот од името на група набавувачи (јавните здравствени установи) кои имаат потреба од ист вид на набавка, поради несоодветна примена на законската регулатива, што е спротивно на член 13 од Законот за јавни набавки. Истото влијае на контролата за следење на извршувањето на договорите, склучени помеѓу Фондот и добававувачите по количини, вредност и времетраење, како и начинот на вршење на нарачки. Со овој начин на набавки се врши зголемување на обврските над реалните потреби.

10.5.2. Од страна на Медицински центар Тетово извршени се нарачки на медицински материјали кои не се предвидени со договорот, склучен помеѓу Фондот и добавувачот Медицина ДОО од Скопје, а се повикува на спроведена постапка за јавна набавка од страна на Фондот и стар договор од 2001 година, поради неизвршени контроли од Фондот за следење на набавките и извршувањето на истите по договорите, спротивно на Законот за здравствено осигурување и Законот за јавни набавки. Истото има влијание на зголемување на обврските и залихите од тој период без спроведена постапка за јавна набавка.

**Препораки:**

1. Групните набавки да се извршуваат по претходно склучен договор за извршување на групна набавка, во кој децидно ќе биде регулирана организацијата на набавките и меѓусебните односи на Фондот и Медицински центар Тетово, а Фондот да воспостави контрола на договорите и нарачките.
2. Од страна на Фондот да се воспостави контрола за следење на извршувањето на договорите склучени од негова страна.

10.5.3. Не се донесени Одлуки за потребите на одделни набавки, поради недонесениот финансиски план, со што не е утврден износот на средствата потребни за реализација на набавките, што е спротивно на член 12 од Законот за јавни набавки. Истото влијае на правилното распоредувањето и користењето на средствата на набавувачот, утврдувањето на видот и количината на набавката, износот и изворот на средствата потребни за реализација на набавката и на критериумите за избор на најповолен понудувач.

10.5.4. Набавувачот не води регистар за јавни набавки, поради недоволна обученост на лицата во службата за јавни набавки, што е во спротивност со член 17 од Законот за јавни набавки. Истото има влијание на можноста за увид и контрола на набавките по предмет и вредност, на бројот на поднесените понуди и нивната вредност и на применетите критериуми при изборот на најповолен понудувач.

10.5.5. За вршење набавки од мала вредност, Медицински центар Тетово нема донесено свој интерен акт со кој се утврдува организациониот облик или лицето кое ќе биде одговорно за собирање на понудите од кандидатите, начинот на собирање на понудите, начинот за извршување на договорот, поради непочитување на законската регулатива, што е спротивно на член 72 од Законот за јавни набавки. Истото има влијание на утврдување и правилно спроведување на постапките.

10.5.6. Постапката за јавна набавка не се врши согласно одредбите од Законот за јавни набавки, поради неправилно воспоставената пракса за прибирање понуди, односно за поголем дел од набавките, не е вршено прибирање на понуди, туку се вршат дирекни набавки од добавувачите, а за сите набавки од страна на директорот, формално се донесувани Одлуки за избор на најповолен понудувач во висина до 3.000 евра во денарска противвредност. Донесувани се повеќе Одлуки за избор на добавувач, како набавки од мала вредност, иако набавките се од еден ист субјект и во текот на годината повеќекратно ги надминуваат износите за набавки од мала вредност. Истото создава можност за измами, грешки, злоупотреби, корупција и набавки по зголемени цени.

10.5.7. Ревизијата констатира дека со ваквиот начин на набавка неправилно се спроведени постапките за јавни набавки во вкупен износ од 76.856 илјади денари, поради несоодветно толкување на Законот за јавни набавки, односно набавката се дели на делови со цел да се избегне постапка предвидена согласно законот, а со вршење набавка од еден ист субјект повеќе пати во текот на годината не се обезбедува фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба, транспарентност и јавност, што е спротивно на членовите 2 и 49 (“Службен весник на Република Македонија” бр.21 од 27 март 2002 год.) и членовите 6, 9 и 72 (“Службен весник на Република Македонија” бр:19 /30.03.2004 год.) од Законот за јавни набавки и тоа за:

- набавка на материјални средства, во вкупен износ од 3.586 илјади денари, прикажани во Преглед број 1.

- набавка на административни материјали, униформи, работни облеки, обувки и постелнина, храна и други материјали, во вкупен износ од 24.427 илјади денари, прикажани во Преглед број 2.

- набавка на лекови и медицински материјали, во вкупен износ од 48.299 илјади денари, прикажани во Преглед број 3.

- набавки од мала вредност без прибирање на три понуди, во вкупен износ од 2.070 илјади денари, прикажани во Преглед број 4.

10.5.8. Медицински центар Тетово извршил набавка на лекови од добавувачите без спроведена постапка за јавна набавка, поради погрешно толкување на известувањето од Фондот бр.10-5074/1 од 30.06.2004 година за снабдување на лекови од позитивната листа и од другите (останаторангирани) понудувачи на регистрирани лекови и склучил договори со добавувачите, спротивно на Законот за јавни набавки. Истото има влијание на зголемување на обврските спрема добавувачите во износ од 1.814 илјади денари.

10.5.9. Извршена е набавка на медицински материјал-ленен конец во вкупен износ од 690 илјади денари од Дентомед, без постапка за јавна набавка, поради не предвиден ваков вид на медицински материјали во писмото за ексклузивитет добиен од Стопанска комора на Македонија и не е согледано од страна на комисијата за јавни набавки, а со вршење набавка повеќе пати во текот на годината не е обезбедена фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба, транспарентност и јавност, што е спротивно на членовите 6, 9 и 72 од Законот за јавни набавки (“Службен весник на Република Македонија” бр:19 /30.03.2004 год.).

10.5.10. Во текот на 2004 година извршена е набавка на медицински кислород од ТГС Технички гасови, во вкупен износ од 1.170 илјади денари, поради не известување за прекинување на договорот од страна на Центарот, а во врска со клаузулата за континуитет, внесена во договорот од 1999 година, што е спротивно на одредбите од Законот за јавни набавки. Истото влијае на преземање обврски  без претходно утврдени средства и неспроведување на постапка за јавна набавка.

10.5.11. Со увид во склучените договори во текот на 2003 и 2004 година ревизијата констатира дека договорите содржат одредби спротивни за деловно работење за Центарот и тоа:

- во договор од 08.10.2003 година склучен со Биотек ДООЕЛ Скопје за набавка на брз систем за детерминација на хемоглобин во крвта и единствени тест кивети, за период од две години со кој Медицински центар Тетово е принуден да набави и потроши 20 кутии кивети во рок од две години, во спротивно добавувачот ќе го повлече апаратот од употреба и ќе ја преземе сопственоста над истиот, што е спротивно на член 5 од Законот за јавни набавки. Истото влијае на преземање обврски  без претходно утврдени средства.

- во договор од 30.08.2004 година склучен со Акцент Милан ДООЕЛ експорт-импорт за набавка на фискална апаратура за читање на платежни картички, во кој е предвидено 100% авансно плаќање и според член 7 од договорот по истекот на гарантниот период за секои 12 месеци годишно одржување и сервисирање на апаратурата и исплата по фактура за паушално одржување, што е спротивно на членовите 10, 11  и 88 од Законот за јавни набавки. Истото влијае на преземање обврски  без претходно утврдени средства.

*Неспроведувањата на постапки за јавни набавки, како и несоодветно спроведените постапки создаваат можност за измами, грешки, злоупотреба, корупција и набавки по зголемени цени.*

**Препораки:**

1. Да се донесуваат Одлуки за потребите на одделни набавки, каде ќе биде утврден износот на средствата потребни за реализација на набавките и критериумите за избор на најповолен понудувач, согласно член 12 од Законот за јавни набавки.

2. Да се изготвува регистар за јавни набавки и да се води уредна и комплетна евиденција на предмети кои се однесуваат на конкретна набавка.

3. Да се донесе интерен акт - Правилник за вршење на набавки од мала вредност, согласно одредбите од Законот за јавни набавки.
4. Да се превземаат сите мерки за отстранување на неправилности во функционирањето на Комисијата за јавни набавки, согласно одредбите од Законот за јавни набавки.

5. Набавките да се вршат согласно Законот за јавни набавки.

6. Да се преземат мерки да не се склучуваат договори кои содржат штетни одредби.

11. Според наше мислење, поради значајноста на наодите изнесени во точките 10.1 до 10.3. финансиските извештаи невистинито и необјективно ја искажуваат финансиската положба на ЈЗО Медицински центар Тетово на ден 31 Декември 2004 и резултатот на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применетата законска регулативата која важи во Република Македонија.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.1 до 10.5 кај ЈЗО Медицински центар Тетово не е остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

13. **Прифатени и корегирани неправилности од страна на Медицински центар Тетово во текот на ревизијата, а се однесуваат на:**

*13.1. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба*

13.1.1. Ставките Патенти, лиценци, концесии и други права за износ од 868 илјади денари и Исправка на вредноста на нематеријалните средства за износ од 88 илјади денари во Билансот на состојба се потценети, а за износ од 780 илјади денари е потценета ставката Државен-јавен капитал, поради неевидентирано зголемување на вредноста на нематеријалните средства за набавените компјутерски лиценци и програма за аптекарско работење.

13.1.2. Ставките Градежни објекти за износ од 766 илјади денари и Исправка на вредноста на материјалните средства за износ од 4 илјади денари во Билансот на состојба се потценети, а за износ од 762 илјади денари е потценета ставката Државен-јавен капитал, поради неевидентирано зголемување на вредноста на градежните објекти со нови инвестициони вложувања.

13.1.3. Ставките Опрема за износ од 122 илјади денари и Други материјални средства за износ од 437 илјади денари и Исправка на вредноста на материјалните средства за износ од 26 илјади денари во Билансот на состојба се потценети, а за износ од 533 илјади денари е потценета ставката Државен-јавен капитал, поради неевидентирано зголемување на опремата за набавен ПЦ за Видас имунолошки анализатор и другите материјални средства за набавени канделабри.

13.1.4. Ставките Опрема и Државен-јавен капитал во Билансот на состојба се потценети за износ од 86 илјади денари, а за истиот износ се преценети ставките Ситен инвентар во употреба и Вредносно усогласување на залихите на ситниот инвентар, поради погрешна сметководствена евиденција на опремата.

13.1.5. Позицијата Активни временски разграничувања во Билансот на состојба е потценета за износ од 128 илјади денари, а потценети се и позициите Краткорочни финансиски обврски за износ од 109 илјади денари и Обврски спрема државата и други институции за износ од 19 илјади денари, поради неевидентирани обврски од 2004 година за надомест за членови на Управен одбор и договор за дело.

14. ***Обелоденување:***

14.1.1. Медицинскиот центар Тетово заклучно со 31.12.2004 година има ангажирано 198 вработени по договор за дело, за извршување на работи и работни задачи кои произлегуваат од работен однос. Со писмо број 04-121/2 од 30.01.2004 година од страна на ЈЗО Медицински центар Тетово доставена е информација за потреба од 243 нови вработувања на испразнети работни места, за кои во текот на 2004 година добиена е согласност од Министерство за финансии за 41 ново вработување.
Со склучување на договори за дело за работи и работни задачи кои произлегуваат од работен однос, лицата ангажирани на овој начин, согласно Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност го губат статусот на осигурени лица како невработени лица кои се пријавуваат во Агенцијата за вработување, со што не им се обезбедени никакви права од работен однос, меѓу кои и правото од задолжително здравствено осигурување.

14.1.2. Медицинскиот центар Тетово извршил прием на конструкција како хуманитарна помош за потребите на интерно одделение од хуманитарната организација Милосрдие при МПЦ и исплатил за превозни и други трошоци на истата, а заклучно со денот на завршувањето на ревизијата не е ставена во функција, поради извршен прием без претходна проценка на простор за смесување на конструкцијата и ставање во функција на интерно одделение. На овој начин Центарот врши непотребно ангажирање на средства кои се 30% од вредноста на хуманитарната помош и го ограничува користењето на хуманитарната помош од други Здравствени установи, што е спротивно на Законот за буџетите и Законот за здравствено осигурување.

15. **Судски спорови чие решавање зависи од идни настани кои можат да влијаат врз финансиските извештаи**

- Судски спорови во кои Медицински центар Тетово се јавува во својство на тужител за ненаплатени побарувања и истото ќе има влијание на финансиските извештаи и тоа:

  - Судски спор со ТДП Велефарм ДООЕЛ од Скопје по ПСС бр.267/00 во износ од 329 илјади денари, поради извршено двапати плаќање на добавувачот и по фактура и по профактура за кое Медицински центар Тетово има поднесено тужбено барање во 1997 година, по што е донесена пресуда во 2002 година побарувањето да се наплати од правниот наследник. Поради променета адреса и жиро сметка истото не е наплатено. Од страна на Медицински центар Тетово до судот нема поднесен предлог за извршување;

  - Судски спор со НИП Нова Македонија по ИС бр.192/03 во износ од 137 илјади денари, поради ненаплатено побарување од закупнина;

  - Судски спор со Костовски Бошко ИС бр. 2584/03 во износ од 220 илјади денари, поради ненаплатено побарување од закупнина;

  - Судски спор со ПП Бис од Тетово по П.бр.1481/00 во износ од 105 илјади денари, поради ненаплатено побарување од закупнина и

- Судски спор со Превентива од Тетово по ПС бр.14/2003 во износ од 230 илјади денари, поради ненаплатено побарување за извршена здравствена услуга.

- Судски спорови во кои Медицински центар Тетово се јавува во својство на тужен за неисплатени обврски и истото ќе има влијание на финансиските извештаи и тоа:

  - Судски спор со ДГТУ Модинг-Салим ДООЕЛ од Тетово по предлог за извршување ИС 521/05 на износ од 2.033 илјади денари.

  - Судски спор со ЈЗУ Завод за здравствена заштита по предлог за извршување ИС 498/05 на износ од 18.677 илјади денари (11.763 илјади денари на име главен долг и 6.914 илјади денари на име камата) .

  - Судски спор со Ванчо Несторовски од с.Вратница вработен во Медицински центар Тетово по П.бр. 802/05 за исплата на долг како рефундација – враќање на уплатени средства на Стоматолошки факултет на износ од 160 илјади денари, законска затезна камата на тој износ и судски трошоци, поради неисполнување на обврската по Договор за упатување на специјализација. По записник од 07.09.2005 извршено е судско порамнување за исплата на долгот на три еднакви рати, почнувајќи од месец септември 2005 година.

- Вонсудска спогодба склучена на 05.07.2005 година за динамика на отплата на долг ( долг заедно со судски, процесни трошоци, такса и камата) во износ од 3.286 илјади денари со Ферт Атомик од Тетово, склучена поради блокирање на сметката на Медицински центар Тетово со започнување на извршување на ИС.бр.216/05.

**Скопје, 31.03.2006 година** **Овластен државен ревизор,**

**Владимир Милојевиќ**

## МЕДИЦИНСКИ ЦЕНТАР ТЕТОВО
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004

во 000 Ден.

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2004** | **2003** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.3. | 29,504 | 35,650 |
| Капитални приходи | 3.4. | 45 | 24 |
| Трансфери и донации | 3.5. | 498,069 | 489,157 |
| **Вкупно приходи** | | **527,618** | **524,831** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.1.1. | 281,755 | 291,033 |
| Стоки и други услуги | 3.1.2. | 259,318 | 246,058 |
| Каматни плаќања | 3.1.3. | 46 | 87 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **541,119** | **537,178** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 3,623 | 6,024 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **3,623** | **6,024** |
| **Вкупно расходи** | | **544,742** | **543,202** |
| **Непокриени расходи** | | **17,124** | **18,371** |

## МЕДИЦИНСКИ ЦЕНТАР ТЕТОВО
## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.3.1. | 335 | 3,410 |
| Побарувања | 4.3.2. | 165,485 | 128,943 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.3.3. | 1,658 | 520 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 4.3.4. | 0 | 24 |
| Побарувања од вработените | 4.3.5. | 142 | 115 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.3.6. | 4 | 0 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.3.7. | 967 | 288 |
| Активни временски разграничувања | 4.3.8. | 258,408 | 235,991 |
| Залихи | 4.3.9. | 47,329 | 34,980 |
| **Вкупно тековни средства** | | **474,328** | **404,271** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.1.1. | 780 | 0 |
| Материјални добра и природни богатства | 4.1.2. | 76,219 | 76,219 |
| Материјални средства | 4.1.3. | 308,725 | 326,767 |
| Материјални средства во подготовка | 4.1.4. | 9,674 | 7,184 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 4.1.5. | 2,141 | 2,141 |
| **Вкупно постојани средства** | | **397,539** | **412,311** |
| **Непокриени расходи и други долгорочни кредити и заеми** | 4.2. | 35,495 | 18,371 |
| **Вкупна актива** | | **907,362** | **834,953** |
| **Пасива** | | | |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 455,376 | 467,441 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **455,376** | **467,441** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.5.1. | 167,858 | 121,841 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.5.2. | 1,748 | 1,026 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.5.3. | 309 | 644 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.5.4. | 0 | 10 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.5.5. | 20,834 | 10,446 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.5.6. | 261,233 | 233,541 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **451,982** | **367,508** |
| **Извори на други средства** | | | |
| Извори на други средства | 4.6. | 4 | 4 |
| **Вкупно извори на други средства** | | **4** | **4** |
| **Вкупна пасива** | | **907,362** | **834,953** |

**МЕДИЦИНСКИ ЦЕНТАР ТЕТОВО**

***ПРЕГЛЕД***
***НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА***

во 000 Ден.

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Состојба 01.01.2004 година** | **437,428** | **30,013** | **467,441** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **6,359** | **171,151** | **177,510** |
| Набавки | 3,723 | 153,655 | **157,378** |
| **Спроведени корекции во текот на ревизијата** | 2,279 | | **2,279** |
| Примени лекарстава од Стокови резерви | | 903 | **903** |
| Примени лекарстава од Хуманитарна помош | | 14,058 | **14,058** |
| Преотстапени постојани средства | 357 | | **357** |
| Вишок по попис | | 2,535 | **2,535** |
| Пропуштени ставки од минати години | | | |
| **Намалување по основ на:** | **21,131** | **168,444** | **189,575** |
| Отпис на капитални средства | 3,254 | | **3,254** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | **-** |
| Амортизација | 15,991 | | **15,991** |
| **Спроведени корекции во текот на ревизијата** | 118 | | **118** |
| Издадени лекови и медицински материјали од болничка аптека, прехрамбени артикли од менза и ситен инвентар од магацин на техничка стока во аптеки и одделенија | | 151,545 | **151,545** |
| Издадени лекарстава од Стокови резерви | | 890 | **890** |
| Издадени лекарстава од Хуманитарна помош | | 14,297 | **14,297** |
| Расход по попис | 1,768 | 1,712 | **3,480** |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **422,656** | **32,720** | **455,376** |